Врз основа на член 383 став (1) точка 8 и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21 и 99/22), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

# ОДЛУКА

**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година и на Финансиските извештаи за 2022 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2022 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2022 година**

## Член 1

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година и на Финансиските извештаи за 2022 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2022 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2022 година, се избира Друштво за ревизија „Крестон Македонија" ДООЕЛ Скопје, ул. „Пандил Шишков" бр. 5-1/45 Скопје, врз основа на спроведена постапка за набавка од мала вредност за ревизија на Годишната сметка за 2022 година и Финансиските извештаи за 2022 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2022 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда за ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи, бр. 05-2629/15 од 19.10.2022 година.

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 41-10239/8**
**27 декември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Христина Мишевска, самостоен референт
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ
СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО
ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE
E MENAXHIMIT
TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Бр. 05-2629/.. 19-10-2022 Скопје

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-2629/8 од 07.10.2022 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-2629/13 од 14.10.2022 г. одржана на ден 14.10.2022 год., Извештај од спроведена постапка бр.05-2629/14 од 14.10.2022 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**16515/2022**, Директорот на Друштвото донесе :

# ОДЛУКА

**за избор на најповолна понуда за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи.**

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-2629/8 од 07.10.2022 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-2629/13 од 14.10.2022 г. одржана на ден 14.10.2022 год., Извештај од спроведена постапка бр.05-2629/14 од 14.10.2022 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-2629/2 од 14.09.2022 г., со примена на постапка - Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција. Договорот за **Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи** се доделува на:

Друштво за ревизија
**„КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА„ ДООЕЛ Скопје**
**Ул.„Пандил Шишков„ бр.5-1/45, - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од денот на добивањето на одобрувањето на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година и на финансиските извештаи за 2022 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2022 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје со Акционерското друштво Градски Трговски Центар Скопје за 2022 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје, да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се според одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и

условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

**Правна заштита**

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН..

**Генерален Директор**
**Sheval Ceku**

**доставено до:**

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Јанко Михајловски 17.10.2022

контролирал: Анета Тодоровска

одобрил: Аријана Раман